Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11)„ како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по географија за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИ СО ОШТЕТЕН ВИД

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ГЕОГРАФИЈА

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, август 2014

## 1. ВОВЕД

Наставниот предмет кој го проучува подрачјето на географската наука се изучува во третиот период (VII, VIII и IX одделение) на деветгодишното основно образование.

Следејќи ја научната, односно стручната систематика и научната терминологија, како и карактеристиките на учениците и наставниот процесс, наставните програми по географија се замислени така што ги развиваат содржините од помалку сложени кон посложени (длабочината и широчината на знаењата се зголемува со возраста на учениците).

Прочувањето на географијата како наставен предмет има за цел да им овозможи на ученицте да стекнуваат основни знаења за Земјата, значењето и поврзаноста на природните елементи и општествените појави и процеси во современиот свет, развивање и негување на географскиот начин на мислење и развивање на социјалноафективни способности на ученикот.

Наставната програма по предметот *географија* се надоврзува на претходно совладаните наставни програми по природа, општество, природни науки, и природни науки и техника.

Наставниот предмет географија се изучува како задолжителен наставен предмет со 2 часа неделен фонд (72 часа годишно) во VII, VIII и IX одделение. Наставата по географија треба да се изведува според следните принципи:

- поучување насочено кон учењето на ученикот;
- самостојно учење и истражување на секој ученик и преку заедничко учење во група;
- почитување на принципите на активната настава;
- постојано следење на напредувањето на секој ученик од страна на наставникот и давање на редовни информации за напредувањето;
- самооценување на сопственото напредување на секој ученик.

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД VII ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособува да ги запознава основните универзални законитости и поими на географијата како наука;
- да ја разбира поврзаноста на географијата со природните и општествените наставно – научни дисциплини;
- да стекнува претстава и да усвојува знаења за објектите, појавите и процесите преку конкретни примери;
- да се воведува во соодветна стручна терминологија од областа на географијата со разбирање на значењето;
- да го разбира и применува размерот, техниките и инструментите за ориентација на физичките и стопанските карти;
- да открива и прикажува факти за изворите, формите, состојбите и промените во просторот;
- да ги анализира и поврзува природните и општествените фактори како елементи за развојот на просторот;
- да претставува бројчани податоци во вид на дијаграми, табели, скици и да умее да ги интерпретира во наставата;
- да изработува и предлага план за изработка на тематски карти и истражувачки активности;
- да усвојува знаења и вештини за развивање на географско – просторната логика;
- да стекнува знаења за географските карактеристики на Р. Македонија;
- да стекнува знаења за Р. Македонија, како и за други држави како општествено-политички заедници;
- да стекнува знаења за разместеноста на растителниот и животински свет во Р. Македонија;
- да стекнува знаења за географските карактеристики на континентите, региите и државите во светот;
- да стекнува знаења за разместеноста на растителниот и животинскиот свет на Земјата;
- да стекнува знаења за народите и државите во светот (карактеристики, сличности и разлики);
- да ги сфаќа основните принципи за заштитата на животната средина;
- да развива критичко мислење и да го спротивставува своето мислење со мислењето на другите;
- да поставува и спроведува егзактни ученички истражувања за природните објекти, процесите и појавите;
- да покажува активно учество во работата на групата и во дискусиите;
- да се оспособува да користи ИКТ во наставата и учењето на географијата.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да стекнува знаења за Европа и Азија и нивната местоположба во светот на релјефни карти или светлосни глобуси;
- да стекнува знаења за природно-географските карактеристики на Европа (географска положба, релјеф, клима, хидрографија, растителен и животински свет);
- да стекнува знаења за регионалната поделба и социо-географските карактеристики на Европа;
- да стекнува знаења за стопанско-географските карактеристики на Европа;
- да се запознава со основните карактеристики на населението на Европа;
- да стекнува знаења за природно-географските карактеристики на Азија (географска положба, релјеф, клима, хидрографија, растителен и животински свет);
- да стекнува знаења за регионалната поделба и социо-географските карактеристики на Азија;
- да стекнува знаења за стопанско-географските карактеристики на Азија;
- да се запознава со основните карактеристики на населението на Азија;
- да се оспособува да чита/тактилно препознава и користи релјефни карти на Европа и Азија.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **I. ТЕМА: ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕВРОПА - 10 часа** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| ***Ученикот/ученичката:*** <br><br> - да се запознае по тактилен или аудио пат, со местоположбата на Европа (окружување, граници и големина); <br><br> - да ги опишува природните граници на Европа; <br> - да ја опишува бреговата линија на Европскиот континент; <br><br> - да ги опишува релјефните карактеристики на Европа и да стекнува претстава за поголемите релјефни целини на континентот; <br><br> - да стекнува знаења за климатските услови на Европа; <br> - да стекнува знаења за вегетацијата во Европа; <br><br> - да ги препознава на рејлефна карта поголемите реки, речни сливови и езера во Европа и да го објаснува нивното значење. | Географска положба, граници и големина <br><br> Брегова разгранетост на европскиот континент <br><br> Релјефни карактеристики на Европа <br><br> Клима и вегетација <br> Климатски фактори <br> Климатско-вегетациони области во Европа <br><br> Хидрографија <br> Реки, езера и нивното стопанско значење | - континент <br> - Европа <br> - географска положба <br> -природна гранична линија <br> - полуострови <br> - острови <br> - фјордови <br><br> -планински масиви <br> - низини <br> - котлини <br> - плато <br> - дини <br><br> -климатски типови <br> -тундра <br> -тајга <br> -степска вегетација <br><br> - речна мрежа <br> - реки <br> - речни сливови <br> - езера <br> - вод. ресурси | -Користење на тактилна/релјефна физичка карта на Европа и Светот за опис на граничната линија; <br> - Вербално објаснување на тактилна/релјефна карта на местоположбата на Европа во светот,географските карактеристики и релјефот; <br> - Опишување на карактеристиките на бреговата линија на Европа и тактилно осознавање на истата; <br> - Изработка на тематски прегледи на Брајово писмо од собраните текстови за географските карактеристики на Европа; <br> - Објаснување со помош на тактилна/релјефна карта на географската распространетост и карактеристиките на климатско-вегетациските зони во Европа; <br> - Изработка на климатско-вегетациона тактилна/релјефна карта на Европа; <br> - Користење на тактилна/релјефна географска карта за опишување на хидрографијата на Европа (реки, речни сливови и езера и нивното значење). <br> - Користење на Google Earth за визуелно или аудитивно препознавање на хидрографијата на Европа. |

| **II. ТЕМА: СОЦИО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА ЕВРОПА - 5 часа** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| ***Ученикот/ученичката:***<br><br>- да ги запознава некои од основните карактеристики на населението на Европа (број на жители, густина на населеност, јазична и верска разноликост);<br><br>- да ги запознава најголемите европски градови и разликите меѓу европските села;<br><br>- да се запознае со регионалната и територијалната поделба на Европа;<br><br>- да ги покажува на тактилна/ релјефна географска карта региите, државите и нивните главни градови;<br><br>- да се запознае со видовите на уредување на државите во Европа;<br><br>- да се запознае со поимот Европска Унија. | Населението во Европа<br>Карактеристики на населението на Европа (број на жители и густина на населеност)<br><br>Јазична и верска разноликост на Европа<br>Населби во Европа<br><br>Регионална поделба на Европа<br>Јужна Европа<br>Западна Европа<br>Северна Европа<br>Средна Европа<br>Источна Европа<br><br>Европска Унија | - население<br>- густина на населеност<br>-народи<br><br>- јазици<br>- верска припадност<br>- град<br>- село<br><br>- регија<br>- држава<br>- главен град<br><br>- Република<br>- Кралство<br><br>- Европска Унија<br>- држави, членки на ЕУ<br>-држави кандидати за ЕУ | - Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм и изработка на постер или писмен извештај на Брајово писмо за населението во Европа;<br>- Опишување на јазичната и верската разноликост на населението на Европа;<br>- Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм за културата и обичаите на народите на две земји (по избор);<br>- Разговор за разноликоста и сличноста на народите на двете земји;<br>- Собирање на податоци и разгледување на разликите помеѓу европските села и градови;<br>- Разгледување на тематска релјефна/тактилна карта за регионалната поделба на Европа;<br>Јужна Европа: Шпанија, Португалија, Андора, Италија, Ватикан, Сан Марино, Малта, Словенија, Хрватска, Србија, БиХ, Црна Гора, Македонија, Албанија, Бугарија, Грција, Косово;<br>Западна Европа: В. Британија, Ирска, Франција, Монако, Белгија, Холандија, Луксембург,<br>Северна Европа: Норвешка, Шведска, Финска, Данска, Исланд,<br>Средна Европа: Швајцарија, Австрија, Лихтенштајн, Полска, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Чешка, Словачка, Унгарија, Германија, Романија<br>Источна Европа: Русија, Укаина, Молдавија, Белорусија, Литванија, Летонија, Естонија<br><br>- Разговор за групирањето на државите во одделни региони на Европа и за нивното уредување (република, кралство, кнежевство)<br>- Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм за регионалниот развој на Европа (сообраќај, стопанство, туризам и др.)<br>- Изработка на тематска тактилна карта за развојот и проширувањето на ЕУ. |

| III ТЕМА: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНИТЕ ВО ЕВРОПА - 33 часа | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| ***Ученикот/ученичката:***<br><br>- да ја запознае географската положба на Јужна Европа;<br>- да ги покажува на рејлефна/тактилна карта државите и главните градови на Јужна Европа;<br><br>- да стекнува основни сознанија за уредувањето на државите во ЈужнаЕвропа;<br>- да ги идентификува на релјефна карта со боцкалка подрачјата со земјотреси и вулкани во Јужна Европа;<br><br>- да ги објаснува карактеристиките на климата и вегетацијата на ЈужнаЕвропа;<br>- да се запознае со карактеристиките и значењето на Средоземното Море;<br><br>- да се запознае со сличностите и разликите на населението во ЈужнаЕвропа;<br>- да се запознава со најзначајните карактеристики на стопанството иразвиеноста на туризмот во Јужна Европа; | Јужна Европа<br>Географска положба, држави и главни градови<br>Основни карактеристики на уредувањето на државите<br><br>Карактеристични подрачја изложени на земјотреси и вулкани и последиците врз животот на луѓето<br><br>Клима и вегетација на Јужна Европа<br>Средоземно Море неговите природно географски карактеристики и стопанско значење<br>Сличности и разлики на населението во Јужна Европа<br>Стопанството и туризмот во Јужна Европа | -Балкански – Полуостров<br>-Монархија<br>-Република<br>-Кнежество<br><br>-земјотресни подрачја<br>-вулкани и вулкански ерупции<br>-поствулкански активности<br>-климатски типови<br><br>-народи<br>-јазици<br>-вера<br>-култура<br>-обичаи<br><br>-стопанство туристички дестинации<br>-туристички атракции | - Собира текстови од интернет со користење на говорен звучен програм,<br>списанија за регионите и државите во Европа и подготвува извештај на Брајово писмо;<br>- На релјефна карта на Европа ги покажува државите и главните градови во Јужна Европа;<br>- На релјефна карта на Европа ги посочува со боцкалки државите во Јужна Европа;<br>- На релјефна карта на Европа ги внесува со одреден тактилен материјал карактеристиките на климата и вегетацијата во државите на Јужна Европа;<br>- На релјефна карта ги одредува регионите коишто се изложени на земјотреси и вулкани во Јужна Европа<br>- Ги опишува последиците од вулканите и земјотресите;<br>- Со помош на релјефна карта ја опишува разноликоста на населението според вероисповед, јазик и култура, во Јужна Европа;<br>- Истражува на интернет за карактеристиките на стопанството воЈужна Европа;<br>- На одделни примери изнесува податоци и дава преглед/извештај на Брајово писмо за обичаите и културните традиции;<br>- Изработува постер или извештај на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја запознае географската положба на Западна Европа;<br>- да ги покажува на рејлефна/тактилна карта државите во Западна Европа и нивните главни градови;<br>- да стекнува основни сознанија за уредувањето на државите во Западна Европа;<br>- да ги опишува карактеристиките на релјефот и климата на Западна Европа;<br>- да стекне сознанија за влијанието на морињата во животот на луѓето во минатото и денес;<br>- да ги запознае основните карактеристики на населението;<br>- да се запознава со основните карактеристики на стопанството во Западна Европа;<br>- да ја запознае географската положба на Северна Европа;<br>- да ги покажува на рејлефна/ тактилна карта државите и главните градови на Северна Европа;<br>- да стекнува основни сознанија за уредувањето на државите во Јужна Европа;<br>- да ги опишува карактеристиките на релјефот и климата на Северна Европа и нивното влијание врз начинот на живеење на месното | Западна Европа<br>Географска положба, држави и главни градови<br>Основни карактеристики на уредувањето на државите<br>Релјефот и климата на Западна Европа<br>Влијанието на морињата во животот на луѓето (некогаш и денес)<br>Населението во Западна Европа<br>Стопанството на Западна Европа (некогаш и денес)<br>Северна Европа<br>Географска положба, држави и главни градови<br>Основни карактеристики на уредувањето на државите<br><br>Улогата на релјефот и климата врз животот на луѓето | -висорамнини<br>-крипто депресија<br>-дини<br>-естуари<br>-насипи<br>-канали<br>-нафтени платформи<br><br>-имиграциони земји<br>-обичаи<br>-природни богатства<br>-земјоделие<br>-индустрија<br><br>-Република<br>-Монархија | Брајово писмо за развојот на туризмот во државите на Јужна Европа;<br>Истражува за влијанието и улогата на морињата во животот на луѓето, некогаш и денес;<br>- Истражува за влијанието и улогата на реките и езерата во животот на луѓето, некогаш и денес;<br><br>- На релјефна карта на Европа ги покажува државите и главните градови во Западна Европа<br>- На релјефна карта на Европа ги внесува државите во Западна Европа<br>- На релјефна карта на Европа ги внесува со одреден тактилен материјалкарактеристиките на климата и вегетацијата во државите на Западна Европа;<br>- Со помош на релјефна карта ја опишува разноликоста на населението според вероисповед, јазик и култура воЗападна Европа;<br>- Истражува на интернет со примена на говорен збучен програв за карактеристиките на стопанството во Западна Европа;<br>- На одделни примери изнесува податоци и дава преглед или подготвива извештај на Брајово писмо за обичаитеи културните традиции;<br>- Истражува за влијанието и улогата на морињата во животот на луѓето, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| население;<br>- да го опишува морскиот брег и неговото значење;<br>- да се запознае со некои карактеристики на населението;<br>- да се запознава со основните карактеристики на природните ресурси и стопанството; | во Северна Европа<br>Карактеристики на морскиот брег и неговото значење<br>Населението во Северна Европа<br>Природните ресурси и стопанството на Северна Европа | -мразници<br>-фјордови<br>-рудни наоѓалишта<br>-гејзери<br>-хидроенергетски потенцијал | некогаш и денес;<br>- Истражува за влијанието и улогата на реките и езерата во животот на луѓето, некогаш и денес;<br>-На релјефна карта на Европа ги покажува државите и главните градови во Северна Европа;<br>- На релјефна карта на Европа ги внесува со одреден тактилен материјал<br>државите во Северна Европа;<br>- На релјефна карта на Европа ги внесува со одреден тактилен материјал<br>карактеристиките на климата и вегетацијата во државите на Северна Европа;<br>- Со помош на рејлефна карта ја опишува разноликоста на населението според вероисповед, јазик и култура во Северна Европа;<br>- Истражува за карактеристиките на стопанството во Северна Европа;<br>- На одделни примери изнесува податоци и дава преглед или пишува извештај на Брајово писмо за обичаите<br>и културните традиции; |
| -да ја запознае географската положба на Средна Европа;<br>- да ги покажува на рејлефна/тактилна карта државите и главните градови на Средна Европа;<br>- да стекнува основни сознанија за уредувањето на државите во Јужна Европа;<br>- да го запознае релјефот (Алпи, Карпати, Панонска низина, Влашкопонтијска низина) и климата на Средна Европа;<br>- да се запознае со хидрографската мрежа, предностите и проблемите со кои секојдневно се соочува населението<br>- да се запознае со некои основни карактеристики на населението.<br>- да сезапознае основните карактеристики на стопанството | Средна Европа<br>Географска положба,<br>држави и главни градови<br>Основни карактеристики на уредувањето на државите<br>Основни карактеристики на релјефот и климата во Средна Европа<br>Алпите и нивното значење за земјите од Средна Европа<br>Реките и нивното значење за животот на луѓето;<br>Населението во Средна Европа<br>Стопанството на Средна Европа | -држава<br>-главен град<br>-континентална клима<br>-алпска клима<br>-речна мрежа<br>-каналска мрежа<br>-одводни канали,<br>-насипи<br>-имиграциони земји<br>-рудно богатство | - На релјефна карта на Европа ги покажува државите и главните градови во Средна Европа;<br>- На релјефна карта на Европа ги внесува со одреден тактилен материал државите во Средна Европа; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја запознае географската положба на Источна Европа;<br><br>- _да ги покажува на рејлефна/тактилна карта државите и главните градови на Источна Европа;<br><br>- да стекнува основни сознанија за уредувањето на државите во Јужна Европа<br><br>- да ги именува на рејлефна/тактилна карта поголемите реки и нивните сливови;<br><br>- да го знае нивното значење во животот<br>на луѓето и стопанството;<br><br>- да осознава за проблемите предизвикани од реките;<br><br>- да се запознае со основните карактеристики на населението;<br><br>- да се запознае со основните карактеристики на стопанството на државите во Источна Европа. | Источна Европа<br>Географска положба<br>држави и главни градови<br><br>Основни карактеристики<br>на уредувањето на државите<br><br>Релјефот и климата на Источна Европа<br><br>Речната мрежа, карактеристики, значење и проблем<br><br>Сличности и разлики на населението во Источна Европа<br><br>Услови за развој на стопанството во Источна Европа | -слив<br>-делта<br>-речна мрежа<br>-канал<br>-поплави<br>-емиграциони земји<br>-природни ресурси<br><br>-земјоделство<br>-индустрија<br>-сообраќај<br>-трговија<br>-туризам | - На релјефна карта на Европа ги внесува со одреден тактилен материјал карактеристиките на климата и вегетацијата во државите на Средна Европа;<br>- Со помош на релјефна карта ја опишува разноликоста на населението според вероисповед, јазик и култура во Средна Европа;<br>- Истражува на интернет со примена на говорен звучен програм за карактеристиките на стопанството во Средна Европа;<br>- На одделни примери изнесува податоци и дава преглед или пишува инзвештај на Брајово писмо за обичаите и културните традиции;<br>На релјефна карта на Европа ги покажува државите и главните градови во Источна Европа;<br>- На релјефна карта на Европа ги внесува со одреден тактилен материјал државите во Источна Европа;<br>- На релјефна карта на Европа ги внесува со одреден тактилен материјал карактеристиките на климата и вегетацијата во државите на Источна Европа;<br>- Со помош на релјефна карта ја опишува разноликоста на населението според вероисповед, јазик и култура, во Источна Европа;<br>- Истражува за карактеристиките на стопанството во Источна Европа; |

| **IV ТЕМА: ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА АЗИЈА - 10 часа** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| ***Ученикот/ученичката:***<br>- да се запознае по тактилен и аудитивен пат  со местоположбата на Азија (окружување, граници и големина);<br><br>- да ги опишува природните граници наАзија;<br><br>- да стекне знаења за бреговата разгранетост на Азискиот цонтинент<br><br>- да ги опишува релјефните карактеристики на Азија и да _ стекнува претстава за поголемите релјефни целини на континентот;<br><br>- да стекнува знаења за климатските услови на Азија;<br><br>- да стекнува знаења за вегетацијата во Азија;<br><br>- да ги покажува на релјефна карта најголемите реки и езера во Азија и да го објаснува нивното значење;<br><br>- да знае реките на_кое сливно подрачје припаѓаат_; | Географска положба, граници и големина<br><br>Брегова разгранетост<br><br>Релјефни одлики на Азија<br><br>Клима и вегетација<br><br>Климатски услови<br><br>Климатско-вегетациони области<br><br>Хидрографија на Азија<br>Реки и нивното значење<br>__ _<br>Природни богатства на Азија | -континент Азија<br>-географска положба<br>-гранична линијаЃ<br>-мореуз<br>-ивични морија<br>-стари планини<br>-млади венечни планини<br>-арктичка клима<br>-континентална клима<br>-монсунска клима<br>-степска клима<br>-монсуни<br>-тајфуни<br>-цунами<br>-тундри<br>-тајги<br>-степи<br>-слив<br>-делта<br>-вади______<br>-јаглен<br>-нафта<br>-земјен гас<br>-хидроенергија | - Користење на физичка релјефна или тактилна  карта или светлосен глобус на Азија и Светот за опис на граничната линија;<br>- Користење на географска релјефна или тактилна  карта или светлосен глобус и Google Earth за визуелно и аудио согледување на разгранетоста на бреговата линија на континентот.<br>- Користење на релјефна или тактилна  карта или светлосен глобус и ЦД или аудио материјал за опишување на карактеристиките на релјефот;<br>- Опишување на распостранетоста на климатско-вегетациските зони во Азија со помош на релјефна или тактилна  карта или светлосен глобус;<br>- Изработка на климатско-вегетациона тактилна карта од различни региони  на Азија<br><br>- Користење на географска релјефна или тактилна  карта или светлосен глобус за препознавање на хидрографските објекти или користење на Google Earth за визуелно или аудитивно препознавање на хидрографијата на Азија. |

| V ТЕМА: СОЦИО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА АЗИЈА - 4 часа | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| ***Ученикот/ученичката:***<br><br>- да ги запознава карактеристиките на населението на Азија (народи, јазици, религија, култура, обичаи)<br><br>- да се запознае со регионалната и територијалната поделба на Азија;<br><br>- да ги покажува на географска карта региите, државите и нивните главни градови на Азија;<br><br>- да се запознае со географската положба и големина на региите;<br><br>- да се запознае со државното уредување на некои земји во Азија. | Население<br><br>Верска припадност и јазична припадност<br><br>Култура и обичаи<br><br>Регионална поделба на Азија<br><br>Источна Азија<br><br>Југоисточна Азија<br><br>Јужна Азија<br><br>Средна Азија<br><br>Југозападна Азија | -народи<br><br>-јазици<br><br>-вери<br><br>-култури<br><br>-обичаи<br><br>-подконтинент<br><br>-Монархија<br><br>-Република<br><br>-Кралство<br><br>-Емират<br><br>-Султанат<br><br>-Федерација | - Разгледување/тактилно перцепирање на тематска релјефна или такитлна карта за политичко-територијалната поделба на Азија;<br>- Истражување и изработка на постер или извештај на Брајово писмо за населението на Азија;<br>-Опишување на релјефна или такитлна карта за карактеристиките на регионите на Азија;<br>- Изработка на тематски релјефна или такитлна карти за регионите на Азија<br>- Источна Азија: Кина, Хонг Конг, Макао, Тајван, Северна Кореја, Јужна Кореја, Јапонија*;<br>- Југоисточна Азија: Мјанмар, Лаос, Камбоџа, Малезија, Сингапур, Виетнам, Индонезија, Брунеј, Филипини, Тајланд, Андамански и Никобарски острови, Кокосово и Божиќно острово)*<br>-Јужна Азија (Индија, Пакистан, Непал, Бутан, Бангладеш, Шри Ланка, Малдиви, Средна Азија (Авганистан, Туркменија, Узбекистан, Казахстан, Таџикистан, Киргизија, Монголија)*;<br>-Југозападна Азија (Кипар, Турција, Ерменија, Азербејџан, Грузија, Иран, Ирак, Сирија, Либан, Израел, Јордан, Саудиска Арабија, Кувајт, Бахреин, Катар, Оман, Јемен, Синајски Полуостров)*<br>-Од учениците не се бара да ги помнат сите земји од Азија, туку да можат да ги покажуваат на карта. |

| VI ТЕМА: РЕГИОНАЛЕН ПРЕГЛЕД НА АЗИЈА* - 10 часа | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| ***Ученикот/ученичката:***<br><br>- да се запознава со причините и последиците од природните катастрофи во Источна Азија;<br><br>- да се запознае со проблемите што произлегуваат од големиот прираст на населението;<br><br>- да ја опишува различната густина на населението<br><br>- да ги запознае карактеристиките и улогата на Хималаите;<br><br>- да ги опишува карактеристиките на монсунското поднебје и како тоа влијае за животот на луѓето;<br><br>- да се запознава со природните богатства на Индија како основа за стопанскиот развој;<br><br>- На примерот на Индија да ги опишува проблемите поврзани со верската разноликост и пренаселеност; | Источна Азија<br><br>Природни катастрофи<br><br>Населението на Источна Азија (верска припадност јазик, култура, обичаи)<br><br>Улогата на семејството културата и традицијата<br><br>Стопанството на Источна Азија<br><br>Југоисточна и Јужна Азија<br><br>Хималаите карактеристики и значење<br><br>Монсуните и животот на населението<br><br>Природните богатства на Индија<br><br>Населението на Индија богатство и проблеми | -вулкани<br><br>-земјотреси<br><br>-густина на населеност<br><br>-вера<br><br>-обичај<br><br>-монсунски дождови<br><br>-лизгање на земјиштето<br><br>-тиково дрво<br><br>-сандалово дрво<br><br>-махагоново дрво<br><br>-дијаманти | -Собира текстови од интернет со примена на говорен звучен програм, списанија за регионите и државите во Азија и подготвува извештај за истраженото на Брајово писмо;<br>- На релјефна карта на Азија ги покажува регионите: јужна, западна, северна, средна и источна Азија;<br>- На релјефна карта на Азија ги покажува државите во Источна Азија<br>- Ги опишува условите за развојот на стопанството во ИсточнаАзија;<br>- Со помош на релјефна карта ја опишува разноликоста на населението според вероисповед, јазик и култура во Источна Азија;<br>- На одделни примери изнесува податоци и дава преглед за обичаите и културните традиции во Источна Азија;<br>- На релјефна карта на Азија ги покажува државите во Југоисточна и Јужна Азија;<br>- Ги опишува условите за развојот на стопанството во Југоисточна и Јужна Азија;<br>- Со помош на релјефна карта ја опишува разноликоста на населението според вероисповед, јазик и култура во Југоисточна и Јужна Азија;<br>- На одделни примери изнесува податоци и дава преглед за обичаите и културните традиции во Ј. Азија: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се запознае со влијанието на населението врз развојот на стопанството во Средна Азија;<br><br>- да ги запознае основните стопански гранки да се запознае со државите во Југозападна Азија во кои има извори на нафта;<br><br>- да го согледа стопанското значење на нафтата за овој регион и светот;<br><br>- да ги опишува причините за појавата на кризни жаришта во Југозападна Азија; | Средна Азија<br><br>Населението и стопанството на Средна Азија<br><br>Југозападна Азија<br><br>Нафтата - најголемото богатство на земјите од Југозападна Азија | -номадско сточарство<br><br>-нафта<br><br>-јаглен<br><br>-нафтоносен појас<br><br>-резерви на нафта<br><br>ОПЕК | - На релјефна карта на Азија ги покажува државите во Средна Азија;<br>- Ги опишува условите за развојот на стопанството во Средна Азија;<br>- Со помош на релјефна карта ја опишува разноликоста на населението според вероисповед, јазик и култура во Средна Азија;<br>- На одделни примери изнесува податоци и дава преглед подготвува извештај на Брајово писмо за обичаите и културните традиции во Средна Азија;<br>- Прави преглед на земјите во кои има извори на нафта и за нејзиното стопанско значење за Средна Азија и Светот;<br>- На релјефна карта на Азија ги покажува државите во Југозападна Азија;<br>- Ги опишува условите за развојот на стопанството во Југозападна Азија;<br>- Со помош на релјефна карта ја опишува разноликоста на населението според вероисповед, јазик и култура во Југозападна Азија;<br>- На одделни примери изнесува податоци и дава преглед подготвува извештај на Брајово писмо за обичаите и културните традиции во Југозападна Азија;<br>- Прави преглед подготвува извештај на Брајово писмо за земјите во кои има извори на нафта и за нејзиното стопанско значење за Југозападна Азија и Светот |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Во наставната програма е дадено ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини. Сепак, наставниците треба самостојно да го планираат фондот на часовите за наставата по географија во зависност од динамиката во реализацијата на наставната програма. Исто така наставниците треба да направат селекција и систематизирање на основните факти и описи, а да избегнуваат оптоварување со непотребни факти, податоци и информации. Затоа се препорачува процесно-развојно планирање во наставата.

Се препорачува користење на следниве наставни средства:

-учебник избран на ниво на училиште за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот слабовидните ученици го
користат учебникот со помош на ТВ лупа (служи за зголемување на содржините), а за слепите ученици се изготвуваат
наставните единици на Брајово писмо ;

- енциклопедии, атлас ии друг материјал подготвен на Брајово писмо или во зголемен и здебелен фонт за слабовидните ученици и сл.;
- Интернет, образовни софтвери употребени во комбинација со говорен звучен програм;
- Списанија и литература на Брајово писмо;
- аудио-визуелни и тактилни средства;
- релјефни/такитлни карти;
- Светлосни глобуси.

Според возраста на учениците како најпродуктивно наставно средство е користењето на физичко-географската карта на Европа и Азија, потоа физичка карта на Светот, користење на политичко-териоријана и стопанска карта на Европа и Азија, користење на тематски карти и илустрации, податоци добиени од Интернет, од Википедија, пребарувачот Google Earth, разни ЦД, пример En carta и сл.

Учениците со оштетен вид кај кои интелектуалните способности се на завидно ниво, без никаков проблем може да ја следаат наставната програма по географија за седмо одделение, она на што наставникот треба да обрне внимание е да користи специфичните наставни средства и помагала наменети за лицата со оштетен вид. Истиот треба да биде креативен во својата работа преку што успешно и соодветно би му ја пренел наставната материја на ученикот со оштетен вид. За учениците кај кои покрај оштетениот вид има и некој друг проблем, поради кој ученикот неможе во целост да ја совлада наставната материја, наставникот треба да примени индивидуален пристап, диференцирање на целите и задачите во наставната програма, дозирање на содржините како истите би соодветствувале на потребите и можностите на ученикот.

**6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ**

Во текот на наставата редовно се следат и се вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување).

Исто така, редовно се врши информирање на секој ученик, како и на родителите за напредувањето на ученикот. Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. Во наставата треба да се осмислуваат активности и за тестирање на постигањата на учениците по обработката на секоја наставна тема.

Учениците се оценуваат со бројчана оце

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по географија за VIII ( осмо) одделение за ученици со оштетен вид може да ја изведува лице кое завршило:

- студии по географија, наставна насока, 7/1 со соодветна дефектолошка дообразба;

- ПА или ВПШ, група историја и географија (кои веќе реализираат настава во основните училишта) со соодветна дефектолошка дообразба.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Адаптиранаата наставната програма по географија за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за деветгодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Бр.11-15639/1
30.09.2014 година

Министер

______________________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор Ивица Гиевски, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор